

# кањош

ИНТЕРФЕСТ - БИТОЛА



## НОВАКОВИЌ МИЛИВОЈЕ - КАЊОШ

Академски сликар, магистер на ликовни уметности (сликарство). Роден е 1938. година во Рогатица. Ликовна академија завршил во Белград 1964. година. Професори му биле познатите сликари Мило Милутинувиќ, Зоран Петровиќ- Кун. Постдипломски студии завршил во класата на Цуца Сокиќи Недељко Гвозденовиќ, 1967. година во Белград. Пред запишувањето на ликовната академија приватно учел сликарство кај сликарот Јован Бјелиќ. После студиите Новаковиќ Миливоје - Кањош престојува во земјите на Европа (СССР, Унгарија, Италија, Франциска и Холандија) каде останува подолго време. Во Холандија работи за познатиот германски галерист и колекционер Ф. Херман. Излагал 5 пати во страство, а во својата земја 27 пати самостално. Повеќе пати излагал на колективните изложби во земјата и странство. Сликите на Миливој Новаковиќ- Кањош се наоѓаат во колекциите на познатите колекционери во земјата и странство.

Член е на УЛУС од 1964. година.
Адреса: 11000 Београд,
ул.Хиландарска 5,
тел: 011/466 922.

## МИСТИЧНИОТ И МАЕСТИЧНИОТ СЛИКОСВЕТ НА МИЛИВОЈЕ КОВАЧЕВИЌ - К А Њ О Ш

Сликарскиот опус и ликовните дела на уметниковите сновиденија потекнуваат од сликарските привиденија кои страсно ги слика и создава, посветен кон лично ликовно претставување и прикажување на пределите, хоризонтите, пејсажните харизми, пиктуралните и питорескните хипнотични простори; меѓу чии бескрајни визуелни тајни ја (раз)открива мистеријата на метафорите, низ гледките од бесконечни духовни симболи ги чувствува земните и небесни магични мечти.

Сликарот е опседнат од искушенијата на моќните волшепства кои се протегаат зад загадочните превези, деталите и целините што импресионираат, формите и фантазиските зрачења и значења што се појавуваат и и счезнуваат. А уметникот вперен кон вечната таинственост на сликарските светилишта се соочува со огледалата од видливите илуминариуми, сликајќи ги невидливите имагинариуми на естетски видените мигновенија, ликовно осветувајќи и овековечувајќи ги - уметнички умеејќи во сликата да ја вдахне бесмртноста на уметничкото кои поседува трајна духовност, душевност, чувственост, арт - небесност.

Сликите на Кањош ја отсликуваат дарбата да го сонува мотивот, надареноста да ги почувствува ликовните теми, во кои се внесува и ги вознесува до зениците на ликовноста, трагајќи по совршенствата, истражувајќи го неистраженото. По возвишениот спиритум, талкајќи кон пристаништата на продуховеноста, корабејќи кон вонвременото, упатувајќи се кон уметничката магија која царува затоа што дарува дела од дарот да се пренесе и понесе светот на сликата, уметниковиот сликарски светоглед...

Авторот ја слика филозофијата на експресијата, задлабочувајќи се во мудроста на мракот, кој само навидум, според изгледот е тоа, но напротив преку таквото гледање и сликање уметникот се допира до височините на вистините,а впрочем тие се светлините и светилниците. Сликарот се симнува и вивнува меѓу искреноста, да се сликаат расположенијата, меланхолијата, реминисценцијата, носталгијата, асоцојациите на судбините и судбински потсетувања при средбата со природата и човековите чувства, размислувања за поетиката и трагиката.

Во овие слики се истакнуваат блесоците на доблеста. Низ густите и сложени ликовни композиции уметникот создава сликописи за смислата на постоењето. Пределите и гледките се пејсажи на психата. Зданијата, храмовите сместени во овие простори се сеќавања - спомени кои се врзани и поврзани преку драми меѓу човечкото, природното и божественото. Сликарот алудира на дамнините и исконите кои престојуваат од векови, по векови - низ векови, и дека, столетијата се свидетели на минливото и минливоста, а уметниците и уметноста се вековити и бележити затоа што во уметничките сознанија ја овековечуваат мистеријата на метафизиката - сведоштва за благородното и бизарното кое уметникот умее да го посети и уметнички посвети на духовните.

Ричард Иванишевиќ- есеист



Невреме - масло на платно 64 x 95




*охридско езеро* - масло на платно 65 x 76



*пејсаж од златибор* - масло на платно 65 x 80



*дихово*- масло на платно 65 x 76



*хвар* - масло на платно 63 x 75



малиот манастир - масло на платно 55 x 68



калемегдан - масло на платно 65 x 80



носталгија - масло на платно 63 x 75



*син мотив* - масло на платно 55 x 68



*златен рид* - масло на платно 72 x 101



копаоник - масло на платно 65 x 80




оситрово - масло на платно 63 х 75

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1966. год. УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - ШТИП
1968. год. ГАЛЕРИЈА НА ГРАФИЧКИОТ КОЛЕКТИВ - БЕЛГРАД
1972. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1973. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1974. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1975. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1976. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1977. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1978. год. ГАЛЕРИЈА НА ФОТО СОЈУЗОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА - БЕЛГРАД
1975. год. ГАЛЕРИЈА ЈОСИП БЕПО БЕНКОВИЌ - ХЕРЦЕГ НОВИ
1976. год. ГАЛЕРИЈА НА ИНЖИНЕРИТЕ И ТЕХНИЧАРИТЕ - БЕЛГРАД
1977. год. ГАЛЕРИЈА НА ИНЖИНЕРИТЕ И ТЕХНИЧАРИТЕ - БЕЛГРАД
1983. год. ГАЛЕРИЈА НА КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР - БЕЛГРАД
1986. год. ГАЛЕРИЈА ВЕСЕЛИН МАСЛЕША - БЕЛГРАД (МАСЛО, АКВАРЕЛ, ГВАШ)
1986. год. ГАЛЕРИЈА ПЛАЖА - ХЕРЦЕГ НОВИ
1988. год. ГАЛЕРИЈА НА НАРОДНИОТ МУЗЕЈ - СОКО БАЊА (СЛИКИ - МАСЛО)
1989. год. ГАЛЕРИЈА СТУДИО САЛО - БЕЧ - АВСТРИЈА (СЛИКИ - МАСЛО)
1990. год. ГАЛЕРИЈА АНИМА - СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА (СЛИКИ - МАСЛО)
1991. год. ГАЛЕРИЈА НА БИБЛИОТЕКАТА НА ГРАД БЕЛГРАД (МОЌ НА ПАСТЕЛОТ)
1993. год. ГАЛЕРИЈА НА КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР - БЕОГРАД *10 ГОДИНИ ПОСЛЕ*
1993. год. УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БИТОЛА
1995. год. ГАЛЕРИЈА *МГ* - БАЈИНА БАШТА (СЛИКИ - МАСЛО)
1995. год. ГАЛЕРИЈА НА ИНСТИТУТОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА - БЕЛГРАД (СЛИКИ - МАСЛО)
1996. год. ГАЛЕРИЈА *МИЛС* - СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА (СЛИКИ - МАСЛО)
1996. год. УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - СТРУМИЦА - МАКЕДОНИЈА (СЛИКИ - МАСЛО)
1996. год. ГАЛЕРИЈА НА КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР - ВУКОВАР
(НАГРАДА ОД ГРАДОТ ЗА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА)
1998. год. ГАЛЕРИЈА ПЛАЖА - ХЕРЦЕГ НОВИ (СЛИКИ - МАСЛО)
2002. год. ГАЛЕРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ ДОМ НА ЈНА - БЕЛГРАД

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1979. год. ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ВОЖДОВАЦ - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА -
1964. год. ДЕВЕТА ИЗЛОЖБА НА УМЕТНИЧКАТА КОЛОНИЈА ЕЧКА -ЗРЕЊАНИН
1965. год. УЛУС - ЕСЕНСКА ИЗЛОЖБА ГАЛЕРИЈА ЦВИЈЕТА ЗУЗОРИЌ - БЕЛГРАД
1964. год. ОКТОМВРИСКИ САЛОН - БЕЛГРАД
1965. год. ИЗЛОЖБА УЛУС - БЕЛГРАД - ЧОВЕКОТ И ЗЕМЈАТА -
1965. год. СЛИКАРСТВОТО НА УМЕТНИЧКИТЕ КОЛОНИИ - ПАЛИЌ - СУБОТИЦА
1965. год. СЛИКАРСТВОТО НА УМЕТНИЧКИТЕ КОЛОНИИ - ЉУБЉАНА - МАЛА ГАЛЕРИЈА
1966. год. ГАЛЕРИЈА НА УМЕТНОСТА - БИТОЛА - ИЗЛОЖБА НА СТРУМИЧКАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА -
1966. год. ГАЛЕРИЈА НАДЕЖДА ПЕТРОВИЌ - ЧАЧАК
1967. год. УЛУС *БЕЛГРАД ЧОВЕК, ФАНТАЗИЈА * ПАВИЉОН ЦВИЈЕТА ЗУЗОРИЌ
1968. год. УЛУС *ГРАД, ЧОВЕК, ФАНТАЗИЈА*
1976. год. ЛИКОВНА ГРУПА *СИНГИ АРТ* ГАЛЕРИЈА НА ИНЖИНЕРИТЕ И ТЕХНИЧАРИТЕ - БЕЛГРАД
1976. год. УЛУС - ИЗЛОЖБА НА ЦРТЕЖИ И МАЛА ПЛАСТИКА ПАВИЉОН ЦВЈЕТА ЗУЗОРИЌ БЕЛГРАД
1977. год. ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ВОЖДОВАЦ ГАЛЕРИЈА СВЕТОЗАР МАРКОВИЌ - БЕЛГРАД
1978. год. ОТВОРЕН ОКТОМВРИСКИ САЛОН ГАЛЕРИЈА ПИНКИ - ЗЕМУН
1979. год. ОТВОРЕН ОКТОМВРИСКИ САЛОН ГАЛЕРИЈА ПИНКИ - ЗЕМУН
1979. год. ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА ВОЖДОВАЦ ГАЛЕРИЈА ШУМИЦЕ
1984. год. ЕЧКА-ИЗЛОЖБА НА АКВАРЕЛИ ЛИКОВНА КОЛОНИЈА НА АКВАРЕЛИ
1992. год. ПЕЈСАЖОТ ВО СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА УМЕТНОСТ ГАЛЕРИЈА БЕОГРАД - БЕЛГРАД
1993. год. ПЕЈСАЖОТ ВО СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА УМЕТНОСТ ГАЛЕРИЈА БЕОГРАД - БЕЛГРАД
1994. год. ПЕЈСАЖОТ ВО СОВРЕМЕНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА УМЕТНОСТ ГАЛЕРИЈА БЕОГРАД - БЕЛГРАД
1994. год. УЛУС 75 ГОДИНИ ГАЛЕРИЈА АБРАШЕВИЌ - АРАНЃЕЛОВАЦ
1995. 1996, 1997. год. *БОИТЕ НА ВУКОВАР* ГАЛЕРИЈА НА КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР ВУКОВАР
1995. год. НАРОДЕН МУЗЕЈ - ОХРИД - МАКЕДОНИЈА ЈУБИЛАРНА ИЗЛОЖБА НА КОЛОНИЈАТА ДЕБАРЦИ
1995. год. СКОПЈЕ - ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА ОХРИД
1995. год. ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ЗА КЛИНИЧКАТА АНАТОМИЈА ЕТНОГРАФСКИ МУЗЕЈ - БЕЛГРАД
1996, 2001. год. *ПО ПАТИШТАТА НА САВО ШУМАНОВИЌ* - ШИД
1997. год. СРПСКА СЛИКАРСКА КОЛОНИЈА БУДИМПЕШТА
1998. год. ПОРТРЕТ НИЗ ВРЕМЕТО ГАЛЕРИЈА НУБС - БЕЛГРАД
1997. год. СКАДАРЛИЈА *30 ГОДИНИ НА ЛИКОВНИОТ ЖИВОТ НА СКАДАРЛИЈА* - БЕЛГРАД
1998. год. УЛУС - ПЕЈСАЖ
(ИЗЛОЖБАТА БИЛА ВО НЕКОЛКУ ГРАДОВИ НА СРБИЈА КАКО И ВО РУСИЈА)
1998, 1999, 2000. год. АРТ ЕКСПО - МЕЃУНАРОДЕН САЕМ НА УМЕТНОСТА *ПЕЈСАЖ*, *МРТВА ПРИРОДА*
1997,1998. год. *СВЕТЛИНИ И СЕНКИ НА РЕКАТА* ГАЛЕРИЈА НА БИБЛИОТЕКАТА НА ГРАДОТ БЕЛГРАД - БЕЛГРАД ЛИКОВНА КОЛОНИЈА
2000. год. ЕТНОГРАФСКИ МУЗЕЈ - ЛИКОВНА КОЛОНИЈА - СМЕДЕРЕВО



*есен* - масло на платно 65 х 80

# ИНТЕРФЕСТ - БИТОЛА

ГОЛЕМА САЛА - МУЗЕЈ - БИТОЛА

Октомври 2002

IOM - OIM
International Organization for Migration
USAID
ИНИЦИЈАТИВА ЗА ГРАДЕЊЕ ДОВЕРБА ВО МАКЕДОНИЈА
MACEDONIA CONFIDENCE BUILDING INITIATIVE - CBI